**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar 21-08-2019

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 3988 | / | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово

3. **Датум на извршување на надзорот:** 21 август 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се спроведува за да се констатира дали радиодифузерот извршил промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и пред промената да биде одобрена од страна на Агенцијата (член 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги)

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** На 08.08.2019 година, Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово спровело промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата (што е спротивно на член 41 став 1) и без истата да биде одобрена од страна на Агенцијата (што е спротивно на член 41 став 2).

   **Образложение:** На 20.08.2019 година, ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово во архивата на Агенцијата достави Решение и Тековна состојба за субјектот, издадени од Централниот регистар на Република Македонија. При увидот во овие документи, стручната служба констатираше дека на 08.08.2019 година е извршена промена на основачот и управителот на овој радиодифузер.

   Со промената, од сопственичката структура на оваа телевизиска станица истапило физичкото лице Јашар Сејдија од Тетово, а пристапило физичкото лице Виган Ибиши од Тетово, како единствен сопственик.

7. **Предлог-мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се дава следната предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово и да му укаже во рок од седум дена од денот на приемот на опомената, во архивата на Агенцијата да достави:

  - Податоци за физичкото лице Виган Ибиши, и тоа ЕМБГ, адреса на живеење и учество во основната главнина на радиодифузерот;

- Нотарски заверена изјава од физичкото лице Виган Ибиши дека со пристапувањето во сопственичката структура на радиодифузерот не ги прекршува одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Нотарски заверена изјава од радиодифузерот (изјавата ја дава управителот на радиодифузерот) дека со промената на сопственичката структура не се прекршуваат одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Тековна состојба за радиодифузерот издадена од Централниот регистар на Република Македонија (не постара од 15 дена од денот на издавањето).

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***